# ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ-ОПШТИ ОПАСНОСТИ ОД ПОЖАРИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Причини за појава на пожари постојат многу, но најчести се следниве:

- **Невнимание**

Кај многу пожари главниот причинител го наоѓаме во недоволното знаење за пожарните опасности. Познавањето и препознавањето на опасностите може да ги спречи пожарите.

- **Ракување со оган и отворено светло**

Ракувањето со оган и отворено светло често бара посебно внимание. Не употребувајте свеќи во пподрумите, на таваните и шупите. Подобро користете батериска лампа.

- **Кибрити и запалки**

Кибритите и запалките не спаѓаат во детски играчки и заради тоа не треба да се држат на места кои се достапни на деца. Родителите и старателите одговараат за своите деца!

- **Плински постројки и плински резервоари**

Инсталирањето на плински постројки е дозволено само од страна на стручни лица, во согласност со техничките прописи. Течните нафтени плинови кои се потешки од воздухот да не се складираат во подруми, скалила, премини и излези. Резервоарите треба да се заштитени од директно дејство на топлина( изложеност на сонце, печки и сл.)

- **Приклучување на плински боци**

Плинските боци секогаш мора апсолутно непропусно да се приклучат. По секое менување на боците треба да се изврши проверка на контактите со соодветен спреј или сапуница, но никако со отворен пламен.

- **Електро уреди**

Употребувајте само исправни уреди, и поправките вршете ги само кај сервисер. Употребата на грејни тела со отворен грејна спирала е забранета.

- **Осигурувачи**

Никогаш не употебувајте крпени (,, премостени,, ) осигурувачи бидејќи овие не гарантираат потребна заштита од оптеретување. При рака секогаш имајте неколку резервни осигурувачи. Најдобра заштита овозможува примената на автоматските осигурувачи.

- **Продолжени кабли**

Продолжните кабли треба да бидат така наместени, да не можат топлината да ја предаваат на околината. Ако се поставени под тепих или се намотени во форма на барабан, може пореметениот топлински ток да предизвика пожар.

- **Штекери  утикачи**

Употребата на повеќенаменските штекери е дозволена само за приклучување на на мали апарати ( радио, телевизор, видео и сл.).

- **Исклучување на електро уредидите**

При напуштањето на домот (станот ) или работното место треба да се контролира, дали се исклучени сите електро уреди. Утикачите на подвижните електро уреди треба да се извадат од изворот на напојување со електрична струја.

- **Елекрични шпорети и печки**

Нестручно поставените печки и ел. шпорети како и остантите грејни тела е многу чест но занемарен извор  на опасност. Не поставувајте никакви горивни предмети во круг  од половина метар, употребувајте ги отворите за кујнски пареи а ако сте во недоумица контактирајте стручно лице.

- **Сезона на ложење**

Пред почетокот на секоја нова грејна сезона, потребно е да се изврши генерално чистење на ложиштата, димните канали ( оџаците), и по потреба да се стават во пробен погон.

- **Пепел**

Извадената пепел може и по 24 часа да биде извор на палење, затоа никогаш не треба да се одложува во картонски кутии, пластични канти и контејнери. Пепелта секогаш одложувајте ја во метални контејнери на отворено.

- **Запалив отпад**

Привременото одложување на запаливите отпадоци ( крпи за бришење, замастена хартија за чистење, картонска амбалажа и сл. ) дозволено е само во метални контејнери на отворено кои можат да се затворат.

- **Одводи на кујнски пареи**

Филтрите за кујнски пареи треба редовно да се чистат или заменуваат.Заменетите (употребените) филтри се лесно запалив отпад!

- **Врела маст**

Презагреаната маст може да доведе до самозапалување. Запалувањето на мастите е најчест причинител за кујнските пожари. Запалената маст немојте никако да ја гасите со вода туку секогаш внимателно,, покријте,, го садот со мокра исцедена крпа. Никогаш не ствајте во маст,,мокро,, месо бидејќи поради прскање на маста се создава опасност од пожар. Фритезите иако имаат термостат, не оставајте ги без надзор.,, Старата,, маст е полесно запалива од свежата, затоа треба редовна замена маст со што се зголемува сигурноста од пожар.

- **Поставување на топлински уреди**

Електрични кујнски апарати, апарати за кафе  и сл. сегогаш поставувајте ги на негорива подлога и на најмала одалеченост од половина метар  од  запаливи материи.

- **Телевизор, видео, радио компјутер**

Вклучените телевизор, видео, радио компјутер и сл. испуштаат топлина која треба да се,, одведува,, . Ако вакви уреди се вградуваат во ѕид или во мебел, мора дасе погрижите за доволна вентилација. Помеѓу  уредот и ѕидот/ мебелот мора да има минимално ратсојание од  10 см.

- **Термофор**

Електричните термофори и ќебиња  може да се употребуваат само за загревање. Непрекинатото вклучување на овие уреди може да предизвика пожар поради застој  на топлинскиот тек.

**Други кратки совети**

- Никогаш не  пушете цигари во кревет. Не оставајте никогаш запалена цигара без надзор. Невниманието кај  пушачите, особено при фрлање  на недогорени чкорчиња од кибрит или цигари е многу чест причинител на пожари. Покрај горе наведеното, никогаш не смеете да пушите во: високо-пожарна околина (бензински пумпи, театри, кино, стоковни куќи, работилници во кои се преработува дрво, хартија, при ракување со запаливи течности ако што се разредувачите, боите и  лаковите
- Преносните греалки секогаш поставувајте ги така да имаат слободен простор.
- Не оставајте запалени свеќи, бидејќи може да заспиете пред тие да се изгаснат.
- Електричниот шпорет и печки секогаш одржувајте ги чисти.
- Не оставајте ја храната која се вари без надзор. Дршките на тенџерињата завртете ги така што децата не би можеле да ги дофатат.
- Не приклучувајте никогаш повеќе од еден кујнски апарат на електричен приклучок.
- Вршете редовна контрола на каблите и ел. приклучоци.
- Набавете против пожарен апарат(и).
- Не го претрупувајте таванот со непотребни работи, а околу оџакот оставете слободен простор од  половина метар.
- Новогодишната елка поставета ја така да има доволно слободен простор, и за украсување користете електрични сијалички а не свеќи.
- Ако се греете на дрва, тогаш користете суви и одлежани дрва.
- Осигурете се дали телевизиската антена е правилно заземјена, поради опасност од гром.
- Облеката и крпи не закачувајте во близина на грејни тела.
- Детекторите на дим се многу ефикасни уреди. Такви би требало да има ви секој  дом.
- Отворените камини треба да имаат заштитен параван за искри.Пред каминот  секогаш да има слободен простор барем половина метар.
- Не оставајте запалени цигари без надзор. Користете големи пепеларници со стабилана подлога.
- Кибрити и запалки чувајте подалеку од деца.

- Скалите и ходниците, по можност секогаш нека ви бидат слободни.
- Не чувајте запаливи материи во просторијта во која се грее.
- Бензин, бои, лакови и слични лесно запаливи материи држете ги подалеку од извори на палење.
- Гаражите секогаш чувајте ги затворени или заклучени.

И вие можете во вашиот стан (куќа ) значително да ги намалите опасностите од пожари. Со 10-минутна пожарна-превентивна контрола, може да ви помогне да избегнете катастрофа.

**Оган на отворено**
Огнот на отворено ја загрозува околината со летечки искри или пак со површински пожар. Затоа не палете оган никогаш на помало растојание од 10 метри од градежни објекти, односно 100 метри од шума или складишта на житарици. Пред заминување од местото на,,огништето,, истото изгаснете го со вода или затрупајте го добро со песок (земја).

**Совети-Гаснење пожари**

За успешно гаснење на пожарите, потребните мерки мора со знаење, значи научено и ивежбано и во правилен редослед да се спроведат.
Правилниот распоред е прикажан со,, синџирот,, на заштита од пожари:

| | |
|---|---|
| Откриј го пожарот | -дојава, сетилни запазувања |
| Пријави го пожарот | -лично, по телефон на бројот 193, автоматски |
| Спаси ако е потребно | -лицата да се извадат од опаснста зона |
| Гсани гопожарот со прирачни средства | -вода, ПП апарат и сл. |
| Насочи ги пожарникарите | -постави лице да ги упати пожарникарите до местото на пожарот, и дади ги сите потребни информации... |
| Локализирај го пожарот | -Спречи го ширењето на пожарот со брза против пожарна интервенција |
| Гасни го пожарот | - со противпожарна интервенција до ликвидирање на пожарот |
| По ликвидацијата пепелиштето чувај го, за да не дојде до повторна појава на пожарот | -контролирај го пепелиштето, иевентуално гаси го преостанатиот жар |

Ако една од мерките во синџирот не е спроведена, синџирот лесно пука, значително се отежнува гаснењето или прекасно се интервенира, што редовно предизвикува тотална штета на објектот, постројките и човечки жртви.

# СОВЕТИ ЗА РЕАГИРАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

Како да постапите во случај на пожар ?

1. Крени тревога
2. Спасувај (помогни, бегај )
3. Гасни

**Тревога**

Дојавата на пожарот може да биде автоматска преку пожарно-дојавен уред или мануелно преку рачно активирање или преку телефон.
При дојавата треба дасе наведе:

- кој јавува ( име и место од каде се јавува)
- што се случило (пожар, техничка интервенција)
- каде се случила несреќата (место, улица, пат, дел на градот, најблиска населба и сл.)
- информација за посебни околности на пример:
  -блокирани или заклучени лица
  -болница, дом за стари лица училиште, висока зграда,...
  -повредени (труење, скршеници, изгореници,....)

**Зборувајте полека и разбирливо !**

Јавете се на пожарникарите и кога се сомневате дека има пожар (сте приметиле само дим ).
Не потпирајте се на помислата, дека веќе некој друг ги известил пожарникарите.

**Спасување (помош, бегање )**

Спасувањето има предност пред гаснењето !
Уверете се, дека нема повредени или инвалиди кои треба да ја напуштат опасната зона.
На сите кои им е потребна помош ( деца, старци,болни, инвалиди ), по можност веднаш изведете ги на сигурно место и спроведете го тревожењето.
Задржете ги лицата чија облека се запалила. Запалените делови од облека гаснете ги со покривање со помош на ќебиња и сл.
Водете внимание за сопствената сигурност.

**Ако можете да бегате:**

-затворете ги прозорците во просторијата каде избил пожарот
-известете ги соседите
-затворете ги вратите повас
-отворете ги прозорците по патот за спасување (скалила, премини )со што ке се спречи задименоста на просториите

-не употребувајте лифт
-сталожено и мирно напуштете го објектот
-заедно со соседите дочекајте го доаѓањето на пожарникарите
-преоверете, дали сите се на едно место

**Ако сте заробени во пожарот**
-одалечете се што е можно повеќе од центарот на пожарот
-затворете ги сите врати пимеѓу вас и центарот на пожарот
-со мокри крпи спречете го навлегувањето на димот во просторијата
-вратите влажнете ги со мокри крпи
-телефонирајте на бројот 193 и барајте помош
-ако е можно, отворете ги прозорците и привлечете внимание на себе со довикување или мафтање од прозорците.
Голем број на лица во случај на пожар настрадуваат или биват повредени само заради неправилно однесување.Затоа потребно е да се задржи мирот и присебноста. Кај пожарите, жртви од топлина постои опасност и од задушување и труење од димните гасови.
Пожарникарите можат да помогнат на различни начини:
-да доспеат до местото на вашето живеење
-да ги ослободат приодите за спасување
-да спасуваат со помош на скали, спусници, воздушен душек и сл.

**Гасење**
Ако имате елементарни противпожарни знаења, знаете правилно да употребете противпожарен апарат и прирачни средства тогаш, во поголем број на случаи го спречувате настанувањето на поголеми пожари. Но нека тоа не ве спречува сепак да ги известите (повикате) пожарникарите.

**Правила при гасење пожар**
-вратите и прозорците на зафатената просторорија од пожар држете ги затворени се додека пожарникарите не пожнале со гасење

-отворете ги прозорците на скалишниот простор и во просториите околу пожарот, со тоа овозможувате чадот од центарот на пожарот несметано да излегува во околината, а ито така го спречувате зачадувањето на просторот по скалите.

-при влегување во просторијата влезете наведнати и користете ја вратата како заштита ( внимавајте на пробивен пламен )

-клечејќи или ползејќи доближете се до пожарот, така што со млаз на вода можете прецизно да гаснете

-почнете со гаснење на местото каде постои најголема опасност од проширување на пожарот

-насочете го водениот млаз во жарот, не во пламенот или чадот!

-со вода гаснете само тогаш кога можете да го распознаете местото-објектот што треба да се гасне

-повремено пркинувајте со гаснењето, со цел да се расчисти водената пареа и да се воочат предметите што горат

**Спречување на ширење на пожарот**

Ако пожарот не може да се изгасне со расположивите средства за гаснење, потребно е да се обидете да го ограничите пожарот на веќе зафатениот простор

-отстранете ги назафатените предмети од опожарениот простор

-по напуштањето на опожарениот простор затворете ги вратите по вас

-не обидувајте се до доаѓањето на пожарникарите да ја,,ветреете,, просторијата

-исклучете ги клима и вантилационите уреди

-затворете ги гасните (плинските) и нафтени водови, кои водат до просторијата зафатена од пожарот

-**садовите кои се под висок притисок или се полни со гас за домаќинста навреме извлечете ги на отворено доколку не постои опасност од трагични последици (експлозија), т.е. ако загреаната површина на садот можете да ја фатите со голи раце !**

-разгледувајте ја околината-доколку постои загрозеност од летечки искри, пламени јазици кои можат да загрозат и други простории и објекти, тогаш затворете ги сите отвори ( врати и прозорци ). По потреба загрозените места ладете ги со млаз на вода од хидрант.